Република Северна Македонија
ОПШТИНА ГРАДСКО
Бр. 08 - 237/2
27.04. 2023 год.
ГРАДСКО

**ЗАПИСНИК**
**од 19-та седница на Советот на Општина Градско**
**одржана на ден 29.03.2023 година, со почеток во 13.00 часот**
**во салата на Општина Градско на следниот**

**Д Н Е В Е Н Р Е Д**

1. Усвојување на Записникот од 18-та седница на Советот на Општина Градско.
2. Предлог- Програма за дополнување на Програмата за изработка на Урбанистички планови за 2023 година.
3. Предлог- Програма за спроведување на општи мерки за заштита на населението од заразни болести на подрачјето на општина Градско за 2023 година.
4. Предлог- Годишен план за реализација на активности од енергетска ефикасност за 2023 година.
5. Предлог- Одлука за формирање на Совет за социјална заштита на општина Градско.
6. Предлог- Одлука за утврдување на фиксни оперативни трошоци за управување со „Регионалниот центар за згрижување на бездомни миленици и ветеринарно здравство во Вардарски плански регион" во последниот квартал за 2023 година.
7. Предлог- Одлука за ажурирање на Процена на загрозеноста од ризици и опасности за настанување на кризна состојба на подрачјето на општина Градско.
8. Предлог- Одлука за усвојување на Завршната сметка на ЈКП „Клепа" Градско за 2022 година.
9. Разгледувања на барања и поднесоци.
10. Разно.

Со Седницата претседаваше Претседателот на Советот на Општина Градско, Мирјана Ѓорѓиева.
Од 9 Советници, на седницата присутни беа сите 9 советници: Мирјана Ѓорѓиева, Цане Будимов, Даниел Мирчов, Тоше Петревски, Јованче Стојанов, Слободан Бошков, Маја Андовска, Боне Спасовски и Сеат Сулковиќ.
На седницата присуствуваше Градоначалникот на Општина Градско, Киро Нацков.

По констатацијата дека постои кворум за работа, претседателот на Советот ја отвори седницата, го прочита дневниот ред и предложи истиот да биде дополнет со една точка:

9.Предлог- Позитивно мислење за Програмите за изведување на ученички екскурзии и излети во учебната 2022/2023 година во ООУ„Даме Груев" Градско.

Дневниот ред беше ставен на гласање и со 9 гласа ЗА истиот беше усвоен.

Советот на Општина Градско, пристапи кон поединечно решавање на точките од дневниот ред за 19-та седница на Совет на Општина Градско.

*1.Усвојување на Записникот од 18-та седница на Советот на Општина Градско.*
Претседателот на Совет на Општина Градско, отвори расправа по Записникот од 18-та Седница на Совет на Општина Градско.
Бидејќи никој не се јави за дискусија, Претседателот на Совет ја затвори расправата, го стави на усвојување Записникот од 18-та Седница на Совет на Општина Градско.
Од присутните 9 советници, со 9 гласа ЗА, Советот на Општина Градско го усвои Записникот од 18-та седница на Совет на Општина Градско.

*2.Програма за дополнување на Програмата за изработка на Урбанистички планови за 2023 година.*
Претседателот на советот отвори расправа по точка 2 од дневниот ред.
Бидејќи никој не се јави за дискусија, Претседателот на Совет ја затвори расправата, ја стави на усвојување Програмата за дополнување на Програмата за изработка на Урбанистички планови за 2023 година.
Од присутните 9 советници, со 9 гласа ЗА, Советот на Општина Градско ја усвои Програмата за дополнување на Програмата за изработка на Урбанистички планови за 2023 година.

*3.Програма за спроведување на општи мерки за заштита на населението од заразни болести на подрачјето на општина Градско за 2023 година.*

Претседателот на советот отвори расправа по точка 3 од дневниот ред.

Јованче Стојанов- дали е во врска со прскањето против комарци?

Киро Нацков- да, опфатено е и прскањето.

Боне Спасовски- предлог, да не се прска кога има раздвиженост, нека се прави тоа во период кога ќе нема народ по полето, да се запази времето.

Киро Нацков- во ред е предлогот.

Бидејќи никој друг не се јави за дискусија, Претседателот на Совет ја затвори расправата, ја стави на усвојување Програмата за спроведување на општи мерки за заштита на населението од заразни болести на подрачјето на општина Градско за 2023 година.

Од присутните 9 советници, со 9 гласа ЗА, Советот на Општина Градско ја усвои Програмата за спроведување на општи мерки за заштита на населението од заразни болести на подрачјето на општина Градско за 2023 година.

*4.Годишен план за реализација на активности од енергетска ефикасност за 2023 година.*

Претседателот на советот отвори расправа по точка 4 од дневниот ред.

Бидејќи никој не се јави за дискусија, Претседателот на Совет ја затвори расправата, го стави на усвојување Годишниот план за реализација на активности од енергетска ефикасност за 2023 година.

Од присутните 9 советници, со 9 гласа ЗА, Советот на Општина Градско го усвои Годишниот план за реализација на активности од енергетска ефикасност за 2023 година.

*5.Одлука за формирање на Совет за социјална заштита на општина Градско.*

Претседателот на советот отвори расправа по точка 5 од дневниот ред.

Јованче Стојанов- за што точно се работи, која е целта за формирање на овој совет?

Киро Нацков- препорачливо е да формираме совет за социјална заштита, целта е мапирање на лица на кои им е потребна социјална заштита. Има точно определено каков да биде составот. Доставивме барање за номинирање лица до институциите, ни одговорија, треба да помине и на совет.

Бидејќи никој друг не се јави за дискусија, Претседателот на Совет ја затвори расправата, ја стави на усвојување Одлуката за формирање на Совет за социјална заштита на општина Градско.

Од присутните 9 советници, со 9 гласа ЗА, Советот на Општина Градско ја усвои Одлуката за формирање на Совет за социјална заштита на општина Градско.

*6.Одлука за утврдување на фиксни оперативни трошоци за управување со „Регионалниот центар за згрижување на бездомни миленици и ветеринарно здравство во Вардарски плански регион“ во последниот квартал за 2023 година.*

Претседателот на советот отвори расправа по точка 6 од дневниот ред.

Киро Нацков- самиот проект е во финална фаза, пуштањето би требало да биде септември, октомври годинава. Како што предходно имам кажано ќе има еден центар за згрижување на миленици и истиот ќе биде во Кавадарци. Дел е финансиран од Швајцарската амбасада во РМ, но треба и општините да партиципираат според број на жители. Во оваа сума не се вклучени трошоците ако се повикаат службите на терен. Секое куче надвор од дворовите ќе биде третирано како куче скитник. Жителите треба да бидат информирани на кој начин ќе функционира сето тоа.

Слободан Бошков- нека се воведе парична казна за несовесните граѓани.

Мирјана Ѓорѓиева- кога ќе ги собетар кучињата после тоа дали повторно ги враќаат?

Киро Нацков- ги собораат, после тоа ги испитуваат и некои ги враќаат а некои не.

Маја Андовска- зошто сопственикот не оде сам да си го земе кучето.

Мирјана Ѓорѓиева- кога ќе се известат граѓаните можеби ќе биде подруго.

Бидејќи никој друг не се јави за дискусија, Претседателот на Совет ја затвори расправата, ја стави на усвојување Одлуката за утврдување на фиксни оперативни трошоци за управување со „Регионалниот центар за згрижување на бездомни миленици и ветеринарно здравство во Вардарски плански регион“ во последниот квартал за 2023 година.

Од присутните 9 советници, со 9 гласа ЗА, Советот на Општина Градско ја усвои Одлуката за утврдување на фиксни оперативни трошоци за управување со „Регионалниот центар за згрижување на бездомни миленици и ветеринарно здравство во Вардарски плански регион“ во последниот квартал за 2023 година.

*7.Одлука за ажурирање на Процена на загрозеноста од ризици и опасности за настанување на кризна состојба на подрачјето на општина Градско.*

Претседателот на советот отвори расправа по точка 7 од дневниот ред.

Боне Спасовски- кај Ногаевци реката Вардар поткопува од едната страна, може ли се реагира да се направи нешто да се спречи да не се направи поголема штета.

Јованче Стојанов- кога се вадеше песок во време на предходниот градоначалник зошто тогаш не се реагираше. Водата се повлекува и нема опасност.

Боне Спасовски- таму имам ниви и ја знам состојбата, песок вадеше Ристо Манев, а не градоначалникот, тогаш се однесоа камењата од другата страна.

Јованче Стојанов- требаше левата страна да биде полна со камен, а не да се направи брана и со тоа да се смене текот на реката.

Тоше Петревски- во Виничани ги направивме сите патишта со гребен асфалт.

Боне Спасовски- го злоупотребувате градоначалникот.

Тоше Петревски- тоа е клевета.

Боне Спасовски- имам информација каде се носи асфалт. ( ја напуштам седницата).

Слободан Бошков- Боне не посочи имиња.

Даниел Мирчов- коментарот беше за кај Ангел Николов, но тоа е улица каде има 5 куќи, не е само на Ангел.

Бидејќи никој друг не се јави за дискусија, Претседателот на Совет ја затвори расправата, ја стави на усвојување Одлуката за ажурирање на Процена на загрозеноста од ризици и опасности за настанување на кризна состојба на подрачјето на општина Градско.

Од присутните 8 советници, со 8 гласа ЗА, Советот на Општина Градско ја усвои Одлуката за ажурирање на Процена на загрозеноста од ризици и опасности за настанување на кризна состојба на подрачјето на општина Градско.

*8.Одлука за усвојување на Завршната сметка на ЈКП „Клепа“ Градско за 2022 година.*

Претседателот на советот отвори расправа по точка 8 од дневниот ред.

Детално образложение по оваа точка даде Силвана Марковска, книговодител на ЈКП „Клепа“ Градско. Друштвото има набавено опрема од 64.000,00 денари. Во однос на побарувањата останати се уште 300.000,00 денари од физички лица од 2014 година, од наредна година ќе биде почист бруто билансот, навреме треба да се утужуваат побарувањата. Знаеме дека од март се зголеми минималната плата, треба да се види дали ЈКП може да го поднесе тоа покачување и да се разговара со регулаторна да не се случи друштвото да биде нерентабилно. Незнам како ќе се реши проблемот со платите и придонесите во ЈКП Комуналец.

Јованче Стојанов- рековте дека од 2014 година па наваму има отпишано долгови кои се застарени, зошто не сте ги посоветувале да бидат утужени, сигурно имало некои незастарени.

Силвана Марковска- јас ги водам од 2015 година како се работело предходно незнам. Управителите си ангажираа адвокати, ги повикуваа луѓето на разговор за плаќање на рати. Од 1.592.000,000 денари побарувањата сега се 511.000,00 денари од физички лица.

Јованче Стојанов- и тогаш ако функционирало со утужување немало да застарат побарувањата. Има ли начин некои броила што се водат на ЈКП Комуналец да може да се префрлат на ЈКП Клепа, во спротивно пак ќе расте долгот за струја.

Силвана Марковска- може ако се подмири долгот.

Бидејќи никој друг не се јави за дискусија, Претседателот на Совет ја затвори расправата, ја стави на усвојување Завршната сметка на ЈКП „Клепа“ Градско за 2022 година.

Од присутните 8 советници, со 8 гласа ЗА, Советот на Општина Градско ја усвои Завршната сметка на ЈКП „Клепа“ Градско за 2022 година.

*9.Позитивно мислење за Програмите за изведување на ученички екскурзии и излети во учебната 2022/2023 година во ООУ„Даме Груев“ Градско.*

Претседателот на советот отвори расправа по точка 9 од дневниот ред.

Образложение по оваа точка даде в.д. директорот на ООУ„Даме Груев“ Градско, Каролина Кирова. Поради корона кризата не се организираа екскурзии, лани ни доставија допис деможе да организираме па го стопираа. За оваа година од МОН дозволуваат, доставивме барање за согласност до Биро за развој на образованието, до Совет на општината и до Совет на родители, ќе чекаме одговор. За 2,4,5,7 и 8 одделение е еднодневен излет до Михајлово, за 3 и 6 одделение е еднодневна екскурзија до Берово, а за 9 одделение е дводневна екскурзија во Охрид.

Цане Будимов- за 9 одделение да биде со две ноќевања.

Каролина Кирова- предвидено е но совет на родители ќе се изјаснат.

Цане Будимов- треба минимум три дена за да се реализира се што е предвидено во програмата во спротивно децата ќе бидат повеќе време во автобус. Да има ефект да не биде малтретирање за децата.

Каролина Кирова- ако се одлучат родителите ќе биде со две ноќевања.

Цане Будимов- надвор од точката на расправа, во врска со натпреварите наставниците да се заангажираат да има повеќе пријавувања.

Каролина Кирова- има пријави, не може со сила да ги тераме децата да се пријавуваат, за секој предмет се организира на посебен начин.

Цане Будимов- повеќе да се мотивираат децата.

Сеат Сулковиќ- во врска со екскурзиите има ли планирано нешто бесплатно.

Каролина Кирова- имаме планирано да организираме бесплатна посета на Археолошкоит музеј, имаме и други планови, се надевам дека ќе ги реализираме.

Бидејќи никој друг не се јави за дискусија, Претседателот на Совет ја затвори расправата, ги стави на усвојување Програмите за изведување на ученички екскурзии и излети во учебната 2022/2023 година во ООУ„Даме Груев“ Градско.

Од присутните 8 советници, со 8 гласа ЗА, Советот на Општина Градско даде Позитивно мислење на Програмите за изведување на ученички екскурзии и излети во учебната 2022/2023 година во ООУ„Даме Груев“ Градско.

*10.Разгледувања на барања и поднесоци.*

а) Барање од Елена Кузманова од Градско за доделување на парична помош за новороденче.

По разгледување на приложените документи советниците едногласно со 8 гласа ЗА го усвоија барањето на Елена Кузманова за исплата на парични средства во висина од 10.000,00 денари.

б) Барање од КУД „Стоби“ од Градско за одобрување на финансиски средства за покривање на трошоци за набавка на носии, ангажирање на кореограф и други тековни активности.

По разгледување на барањето советниците едногласно со 8 гласа ЗА го усвоија барањето на КУД „Стоби“ Градско.

в) Барање од Црковниот одбор при Црквата Св. Вмч Георгија- Градско за доделување на финансиски средства за внатрешно црковно уредување.

Маја Андовска- има ли Црковен одбор во црквата и ако има кои лица се незнаема.

Цане Будимов- нека купат прво па нека приложат сметки.

Тоше Петревски- нека приложат некој документ.

Даниел Мирчов- никој не знае колку пари има црквата.

Слободан Бошков- сметам дека треба да се насочиме на изградба на црквата св.Павле, а оваа црква има прилив на средства.

По разгледување на барањето советниците едногласно со 8 гласа ВОЗДРЖАНИ не го усвоија барањето од Црковниот одбор при Црквата Св. Вмч Георгија- Градско.

г) Барање од Катица Сековска од градско за доделување на финансиски средства.

По разгледување на барањето советниците едногласно со 8 гласа ПРОТИВ не го усвоија барањето на Катица Сековска од Градско.

*11.Разно.*

*/*

Откако беа исцрпени сите точки на дневниот ред, Претседателот на Советот на Општина Градско ја затвори 19-та седница во 15.00 часот.

| | |
|---|---|
| Записник водел: | Претседател |
| Мери Седмакова Димовска | на Совет на Општина Градско |
| | Мирјана Ѓорѓиева |